МЦМС




# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2012

www.mcms.mk

# Содржина

2 - СОДРЖИНА

3 - ВИЗИЈА И МИСИЈА
ЦЕЛИ И МЕТОДИ

4 - ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО

**Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата**

5 - МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО
5 - ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ПОГОДЕНИ ОД КОНФЛИКТОТ
6 - ПРИСТАП НА РОМИТЕ ДО ФОНДОВИ
*Нова стратегија и приоритети за пристапот на Ромите до фондови*
7 - РАЗВИЕНИ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА
*Раководење со МРФП*

**Одржлив локален и рурален развој**

8 - ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦИТЕ
*Со парите од форумот ќе се гради пешачки мост на Брегалница*

**Добро владеење, партиципација и политики насочени кон луѓето**

9 - ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ И ПАРТИЦИПАЦИЈА
*Државните институции во „Огледало“*

**Вкоренето и динамично граѓанско општество**

10 - ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО
*Размена на искуства и нова прекугранична соработка*

**Партнерства, односи со јавноста и поддршка**

11 - ОДНОСИ СО АКТЕРИТЕ
*Односи со јавноста*
*Поддршка – одржлив МЦМС*

12 - ОРГАНИЗАЦИЈА
13 - НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ
14 - ПЕРСОНАЛ, ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА
15 - ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2012 ГОДИНА

# Македонски центар за меѓународна соработка

## ВИЗИЈА И МИСИЈА

**Визијата на МЦМС** е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално.

МЦМС ја заснова визијата на универзалните принципи на граѓанско општество и партиципативна демократија, владеење на правото, рамномерен и одржлив социоекономски развој, ненасилство, почит и меѓузависност и културна разноличност.

**Мисијата на МЦМС** е да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите актери и кои се вклучуваат во главните текови.

МЦМС

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## ЦЕЛИ И МЕТОДИ

**Долгорочни цели на МЦМС се:**

- Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата;
- Прифатена културна разноличност, меѓузависност и дијалог;
- Одржлив локален и рурален развој;
- Добро владеење, партиципација и политики насочени од и кон луѓето;
- Вкоренето и динамично граѓанско општество, кое влијае на јавните политики;
- Поддржан евроинтеграциски процес и зајакната регионална соработка;
- МЦМС, независна организација и организација со кредибилитет, способна за силни и ефективни партнерства и сојузи засновани на еднаквост (на национално, на регионално и на меѓународно ниво);
- МЦМС е атрактивна и иновативна организација која учи, со локални корени и глобален поглед.

**МЦМС активностите ги остварува преку:**

- Застапување (информирање, градење свест, едукација; креирање и влијание на политики; следење и барање одговорност);
- Развојна поддршка (капацитети и инфраструктура);
- Социјално-хуманитарна поддршка.

Организациските методи се раководење и спроведување.

# Порака од раководството

Економската криза започната од пред неколку години и оваа година имаше влијание на економскиот развој на европските земји, вклучително и на развојот на Македонија.

Во соседството, покрај економската и социјална криза во Грција, за одбележување е стекнувањето на Србија со кандидатски статус за Европската Унија (ЕУ) и започнувањето на преговорите на Црна Гора за членство во ЕУ.

Во Македонија, забележан е пад на индустриското производство, а индексите на трошоци на живот и на цените на мало имаа благ пораст. За одбележување е претпристапниот дијалогот на високо ниво меѓу Република Македонија и Европската Унија, како и најпозитивниот извештај од Европската комисија за исполнувања на политичките критериуми за членство во ЕУ. Во однос на граѓанското општество, во јуни, Владата ја донесе новата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) со акциски план за спроведување.

Односите меѓу коалициските партнери во Владата, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ се влошија по настанот во Слупчане и поднесувањето на предлогот за нов закон за бранителите. За одбележување е штрајкот на лекарите поради моделот плаќање по учинок, разговорите на Владата со новинарите за декриминализацијата на навредата и клеветата, како и случувањата во и пред Собранието при процедурата за донесување на буџетот за 2013 година.

МЦМС во 2012 година имаше вкупен обем (портфолио) од 12 проекти и буџет од околу 49 милиони денари. Реализацијата на портфолиото е 80 % од планираното, додека на буџетот е 83 % од планот.

Во 2012 година, МЦМС за првпат примени нова методологија за проценка на отвореноста на институциите, што придонесе кон зголемена транспарентност и подобрување на практиките на институциите за вклучување на јавноста во процесите на подготовка на законите, а активно се учествуваше во работната група за подготовка на Стратегијата на Владата за соработка со граѓанскиот сектор за 2012-2017 година.

И оваа година МЦМС продолжи со истражувачките активности. Спроведе три анкети кои се однесуваа на европските интеграции и рејтинзите на политичките партии; за перцепциите за случајот Слупчане и законот за бранителите, како и за ставовите и на граѓаните за актуелни прашања. Во 2012 г., МЦМС вложи поголем напор за обезбедување финансиски средства од нови извори на финансирање за следниот среднорочен период, со поднесени 31 апликација. Покрај овие, беше одобрена и една од минатогодишните апликации, со што се придонесе кон финансиската стабилност на МЦМС во текот на 2012 година.

Во однос на  внатрешната организација, согласно политиките за социјално реструктурирање на МЦМС, во извештајниот период на пет соработници им беше прекинат работниот однос со МЦМС - двајца со спогодба, а тројца со откажување на договорот за вработување од деловни причини и соодветен социјален надомест. На крајот од 2012 г. МЦМС ангажираше и четири нови помлади соработници. Во текот годината четворица соработници се здобија со магистерски титули.

Советот на МЦМС го донесе Деловниот план на МЦМС 2012-2016 година. Оваа година заврши мандатот на досегашниот состав на Советот на МЦМС. На последната седница на Советот одржана во декември оваа година беше избран нов, седумнаесетчлен состав на Советот на МЦМС со четиригодишен мандат 2012- 2016 г.



Александар Кржаловски
прв извршен директор



Димче Митрески
извршен директор

# Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата

## МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Целта е да се придонесе кон унапредување на квалитетот на наставата и зголемување на учеството во наставата во целните училишта на проектот.

Во текот на 2012 година беа реновирани две основни училишта. Во ОУ „Александар Турунџиев“ во с. Кукуречани е направена реконструкција на прозорците и вратите, изработена е студија и техничка документација за реновирање на спортската сала и делот за администрација. Во ОУ „Гоце Делчев“ во Демир Хисар реконструирани се сите прозорци и врати.

Двете училишта беа поддржани и во претходните години. Беа реновирани санитарни јазли, подрумски простории и сл. Со новите средства се обезбеди сеопфатно решавање на инфраструктурните проблеми.

Активностите од оваа програма се спроведуваат веќе пет години. Финансиските средства ги обезбедува Сокотаб во соработка со своите партнери. Училиштата кои се реновираат се најчесто во рурални средини каде преовладува производството на ориентален тутун.



*Школската година започна со нови прозорци*

## ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ПОГОДЕНИ ОД КОНФЛИКТОТ

Целта на програмата е поддржан пристап на жените погодени од конфликтот до пазарот на трудот.

Во ноември 2012 година започна спроведувањето на програмата „Оспособување на жените погодени од конфликтот“ (ОЖП), финансирана од Европската Унија.

Во извештајниот период беа направени подготвителните активности за идентификација на жените од седум општини: Липково, Теарце, Желино, Јегуновце, Чаир, Сарај и Маврово и Ростуша. Исто така се започна и со идентификација на локални претпријатија од регионите каде се лоцирани седумте општини во кои би се овозможил ангажман на жените.

Програмата се реализира во партнерство со три локални граѓански организации, со кои се одржаа неколку состаноци за координација за спроведување на програмата.



*Еден од информативните средби со жените одржани во Теарце*

# Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата

## ПРИСТАП НА РОМИТЕ ДО ФОНДОВИ

*Целта е да се зајакнат капацитетите на Ромите за аплицирање на фондовите на ЕУ.*

*Во 2012 г. беше поддржана подготовката на 37 проекти за социјално вклучување на Ромите. Беа одржани две работилници за подготовка на предлог-проекти за повиците за државна финансиска поддршка, за ЕУ, Австралиската амбасада, Обединетите нации, СДЦ и проектот на УСАИД за граѓанско општество. Три од поднесените апликации беа одобрени.*

*МЦМС учествуваше и во иницијативата за формирање мрежа на градоначалници кои придонесуваат во социјалната кохезија, особено во однос на Ромите.*

*Беше подготвена и регионална анализа за искористеноста на фондовите од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за социјална инклузија на Ромите.*

### Нова стратегија и приоритети за пристапот на Ромите до фондови

Во јули 2012 година во Велес се одржа регионален состанок за дефинирање на стратешките насоки на иницијативата „Да се направи максимум со фондовите од ЕУ за Ромите (МтМ)“. На состанокот учествуваа 20-тина претставници на националните спроведувачки организации од Македонија, Црна Гора, Србија и Хрватска, како и претставници на релевантни институции од овие четири земји, на Институтот Отворено општество (ИОО) и на Секретаријатот на Декадата на Ромите.

Учесниците дефинираа стратешки цели, очекувани резултати, активности и показатели во четири компоненти на МтМ.

Во првата компонента за набљудување и застапување се расправаше за најдобрите начини за влијание на програмирањето на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за поголема застапеност на социјалното вклучување на Ромите.

Во втората компонента за техничка помош на ромските граѓански организации, беше споделено искуството на националните партнери од Македонија, МЦМС и ИНСОК, кои најдолго ја спроведуваат оваа компонента . Беа идентификувани начини за подобрување на техничката помош и проширување на можните фондови и сектори.

Во компонентата за локален развој и пристапувањето во ЕУ, учесниците разговараа за јакнење на капацитетите на општините со ромско население за вклучување на локалните потреби во програмирањето на ИПА, но и на националниот буџет.

Учесниците во последната компонента за регионална соработка дефинираа сет активности кои ќе се спроведат на национално и регионално ниво за подобро застапување на интересите на ромското население во четирите земји.



*Работна атмосфера на регионалниот состанок на МтМ иницијативата*

# Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата

## РАЗВИЕНИ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА – РАКОВОДЕЊЕ СО МРФП

МЦМС ги врши сите раководни, стручни и административни работи за Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП).

Во извештајниот период, исплатени се заеми во вкупен износ од 108.032.767 МКД (1,75 милиони евра) кон 791 микро и мали претпријатија. Со овие заеми поддржани се 703 постојни работни места кај кредито-корисниците и планирани се 495 нови работни места. Отплатата на заеми од финансиските посредници (ФП) кон МРФП е во целост остварена.

Кумулативно, вкупно исплатените кредити од почетокот со работа на МРФП до 31.12.2012 г. е над 2.2 милијарди денари (36,7 милиони евра) кон 10.163 клиенти. Благодарение на тоа, за 14 години, поддржани се вкупно 16.755 постојани и 3.971 планирани работни места.

Во 2012 г. финансиските посредници исплатија над 108 милиони денари од кредитната линија на МРФП. Од нив, 92.921.984 денари беа за 786 микро кредити (до 15.000 евра), 15.110.783 денари за 5 мали кредити (15-100.000 евра).

МРФП, како дел од Националниот тим на Светското истражување на претприемништвото (НТ ГЕМ), по трет пат го спроведе најголемото истражување за претприемништво во светот и во Македонија. Една од редовните активности, поддршката на Сојузот на стопански комори на Македонија (ССК) е финализирана во текот на 2012 година со подготовката на новиот Стратешки план на ССК. МРФП беше локален партнер на Македонија 2025 во организирањето на Глобалниот инвестициски самит, кој се одржа од 18 до 21 октомври во Охрид.

Во текот на 2012 целосно се спроведени проектните активности во рамките на програмата Општествена одговорност на претпријатијата (ООП), ко-финансирана од Европската Комисија, а реализирани се и сите планирани активности во проектот Економски активности во Косово.

Кон крајот на годината, МРФП започна со спроведување на нова програма со наслов: Патот кон кариерата – подобрување на вработливоста на жените од етничките малцинства во источниот регион, поддржана од Министерството за финансии на РМ (во рамките на Инструментот за претпристапна помош за човечки ресурси).

МРФП повторно беше еден од главните организатори на манифестацијата Претприемач на годината чија цел е да промовира претприемачи на успешни микро и мали бизниси во земјата.

Во 2012 г., МРФП ги избра новите членови на Совет на МРФП, како и на Одборот на старатели за следниот четири годишен мандат.

Повеќе детали за постигнувањата на МРФП може да се видат во Годишниот прогрес и финансиски извештај на МРФП за 2012 г. www.mrfp.mk




*Од форумот посветен на правата на вработените*

# Одржлив локален и рурален развој

## ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦИТЕ

*Целта е да се воспостават партиципативни пристапи во заедниците.*

*МЦМС спроведуваше активности во осум општини.*

*Во општините Крива Паланка и Македонски Брод беа реализирани изгласаните проекти и беа одржани последователни сесии. Завршија форумските сесии во Чешиново-Облешево, а до крајот на годината беше реализиран и избраниот проект: „Специјална механизација за собирање, изнесување и депонирање на смет“. Во Делчево и Желино се спроведоа по пет форумски сесии. Граѓаните на Делчево го избраа проектот „Пешачки мост преку реката Брегалница“, а граѓаните на општина Желино „Доградба на ОУ ‚Пашко Васа' во село Новосело“. До крајот на годината, во општината Аеродром се спроведоа пет форумски сесии и граѓаните го избраа проектот „Реконструкција на оградите на ОУ и поставување надворешен видео надзор, заради поголема безбедност на учениците“, додека во општините Василево и Босилово се одржаа четири форумски сесии.*

### Со парите од форумот ќе се гради пешачки мост на Брегалница

Граѓаните на Делчево го избраа проектот што сметаа дека е најприоритетен за нив, Пешачки мост преку реката Брегалница. На петата форумска сесија, овој проект доби 39 гласови и ќе биде спроведен со фондот од програмата Форуми во заедниците.

„Одлично е чувството што ние младите бевме дел од еден навистина значаен проект кој се подготвуваше во текот на форумските сесии, а уште позначаен е и фактот што граѓаните сами го одбраа она што навистина им беше потребно“, рече на крајот од сесијата Катерина Антовска.

Градоначалникот на општина Делчево г. Горан Малешевски на присутните граѓани им честиташе на направениот избор. Граѓаните му ги врачија 37-те препораки, а тој се обврза дека заедно со општинската администрација ќе направат се што е во рамките на нивните можности, да ги реализираат.

На листата на препораки беа додадени и четири проекти кои добија помалку гласови, а и средствата од фондот на програмата не беа доволни за да се реализираат: Изградба и уредување на јавни површини; Расчистување на диви депонии во градот и неговата околина; Уредување на излетнички и туристички места; Пешачки мост преку реката Брегалница и Зачувување на рибниот фонд преку изградба на рибји патеки на р. Брегалница.

Граѓаните на Делчево се организираа во работна група која ќе го следи спроведувањето на избраниот проект и препораките и ќе ги извести граѓаните на општина Делчево на последователната 6 форумска сесија.



*Младите активно се вклучија во дискусиите на Форумските сесии и дадоа придонес во развивањето на проектните идеи*

# Добро владеење, партиципација и политики насочени кон луѓето

## ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ И ПАРТИЦИПАЦИЈА

*Целта е да се зголеми одговорност на институциите, граѓанските организации и граѓаните.*

*МЦМС во партнерство со Словенечкиот центар на невладини организации (ЦНВОС) и Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) го спроведе проектот „Огледало на Владата: учество на јавноста во процесите на подготовка на закони“. Организирани се две основни обуки за активно вклучување во подготовка на закони и две напредни обуки за процесите за креирање политики и подготовка на закони.*

*Беше организирана регионална работилница „Партнери или противници?: Размена на добри практики за следење на владините политики и процеси во земјите на проширување“.*

*Развиена беше и веб-страницата www.ogledalonavladata.mk, која меѓу другото има и посебен дел за следење на вклучувањето на јавноста и граѓанските организации во процесот на подготовка на законите од страна на органите на државната управа.*

*Беа организирани три работилници за претставниците на граѓанските организации за зголемување на учество на ГО во подготовка на закони.*

*Во соработка со ОБСЕ беше подготвена „Анализа за транспарентност во процесот на подготовка на законите со фокус на повратната информација на коментарите од страна на јавноста“. Врз основа на наодите од анализата, подготвен беше и Водич.*

### Државните институции во „Огледало“

За потребите на проектот беше прилагодена методологијата за проценка на отвореноста на владините институции развиена од страна на ЦНВОС и беа воспоставени показатели за мерење на транспарентноста на органите на државната управа во Македонија. Следењето на процесите на подготовка на законите и анкетирањето на државните институции резултираше со анализа за отвореноста на институциите. Анализата ги опфати предлог законите разгледувани од страна на Владата во периодот од 1 март до 31 октомври 2012.

Највисока оценка за комуникациска и подржувачка околина е 4 и ја добија: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура и Министерството за образование и наука. Од другите државни институции највисока оценка 5 доби Агенцијата за млади и спорт. За отвореноста во процесот на подготовка на предлог закони, најдобро оценети се: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад на Министерство за животна средина и просторно планирање и Предлог-законот за здравствената заштита на Министерство за здравство.

Резултатите од следењето на е-алатките за вклучување на јавноста во подготовка на законите (ЕНЕР и сајтовите на министерства) можат да се најдат на: www.ogledalonavladata.mk



*Од обуката за примена на методолгијата за проценка на отвореноста на институциите*

# Вкоренето и динамично граѓанско општество

## ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

*Целта е да се креира овозможувачка околина, да се поддржи понатамошниот развој на граѓанското општество и да се подобрат резултатите на актерите на граѓанското општество во Македонија.*

*МЦМС учествуваше во подготовката на првата матрица за следење на околината за развој на граѓанското општество. Беше организирана фокус-група за даночното олеснување на граѓанските организации, а беше издадена и анализа на оваа тема. МЦМС во соработка со ЕЦНЛ одржа дводневна обука за членовите на Комисијата за статус од јавен интерес. Беа одржани и четири еднодневни информативни настани за околу 60 граѓански организации за можностите и предизвиците од спроведувањето на Законот за здруженија и фондации, со акцент на занимавањето со економски активности и статусот – организација од јавен интерес.*

*Продолжија истражувањата на јавното мислење на теми за европските интеграции и рејтинзите на политичките парии како и за перцепциите за случајот Слупчане и законот за бранителите. За Галуп Европа се спроведе анкета за ставовите и перцепциите на граѓаните за актуелни прашања.*

*МЦМС фасилитираше четири конференции за Агенцијата за остварување на правата на заедниците (АОПЗ), за која подготви и предлог-програма за финансиска поддршка на здруженија и фондации и развиени придружни документи. За шест косовски организации партнери на Коалицијата Обединето претприемништво беа спроведени повеќе работилници.*

## Размена на искуства и нова прекугранична соработка

До крајот на март 2012 година се организираа работилница и саем за прекугранична соработка. Во Елбасан се одржа втората заедничка работилница „Создавање прекугранични мрежи: од теорија во пракса“, на која учествуваа претставници на 21 граѓанска организација од регионите Полог, Југозападна Македонија, Дибра и Елбасан. На работилницата беа избрани приоритетни заеднички проблеми и се разработија логички рамки во пет работни групи во полето на економскиот развој, социјалната кохезија и културата.

Во Дебар се одржа Форумот на граѓански организации од пограничниот регион на Македонија и Албанија. Учествуваа 92 граѓански организации од двете држави, а го посетија повеќе од 800 граѓани. Освен изложбениот дел, учесниците дебатираа на актуелни теми. Се одржаа седум расправи и презентации. Во социокултурниот дел четири здруженија го презентираа ултурното наследство.

Учесниците во проектот изразија задоволство од активностите во кои учествуваа. Освен вештините и знаењата што ги стекнаа, тие имаа можност да најдат и партнери за идните проекти. „На почетокот од проектот не знаевме организации од Албанија, потоа ги запознавме, а сега планираме заеднички активности и се поздравуваме со прегратка“, изјави еден од учесниците.



*Од свеченото отворање на Прекуграничниот форум на граѓанското општество*

# Партнерства, односи со јавноста и поддршка

## ОДНОСИ СО АКТЕРИТЕ

Соработката на МЦМС се одвиваше со домашни организации и институции, со агенциите членки на Светскиот совет на црквите и со други странски организации.

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во текот на 2012 година издадени се 12 броја на е-билтенот. Годишниот извештај е издаден во електронска форма (на ЦД) на македонски, на албански и на англиски јазик. Веб-страницата постојано се ажура, а дел од нејзините содржини се публикуваа и на други социјални медиуми, овозможувајќи на тој начин поголема видливост на работењето на МЦМС. За активностите на МЦМС медиумите известија низ 97 прилози/текстови.




## ПОДДРШКА – ОДРЖЛИВ МЦМС

### Пристап кон извори на финансирање

Во текот на 2012 г. беа подготвени и поднесени вкупно 31 нова апликација. Од овие апликации, тринаесет беа одобрени. Во 2012 г. беше одобрена и една од апликациите поднесени претходните години.

### Волонтерство

МЦМС продолжи со својата пракса за ангажирање волонтери. Во текот на 2012 г. стигнаа 39 пријави за волонтирање. По селекцијата и организација на приемот беа ангажирани вкупно 11 волонтери во три периоди во текот на 2012 година.

https://www.facebook.com/mcms.mk

http://0.mk/mcms_linkedin

http://www.scribd.com/mcms_mk

http://www.youtube.com/mcmsmcic

https://twitter.com/mcms_mk

http://www.flickr.com/photos/27413255@N07

# Организација

Оваа година заврши четиригодишниот мандат на досегашниот состав на Советот на МЦМС. На последната седница на Советот одржана во декември 2012 беше избран нов, седумнаесетчлен состав на Советот на МЦМС, со четиригодишен мандат за периодот декември 2012-декември 2016 г.

## СОВЕТ - Состав до 14 декември 2012 г.

- Ахмет Јашаревски
- Бехиџудин Шехапи
- Беким Имери
- Билјана Герасимовска-Китановска
- Владимир Тодоровиќ
- Газменд Ајдини
- Дилбера Камберовска
- Душица Перишиќ
- Душко Кантарџиев
- Ѓоко Ѓорѓевски
- Ѓунер Исмаил
- Елена Николова
- Звонко Шаврески
- Ило Трајковски
- Јагуп Селимовски
- Келменд Зајази
- Кочо Анѓушев
- Михаил Цеков
- Пепо Леви
- Рами Ќерими
- Ратко Лазаревски
- Ризван Сулејмани
- Славко Велевски

## СОВЕТ - Состав од 14 декември 2012

- Лилјана Алчева (Хабитат)
- Габриела Мицевска (ЦЕПроСард)
- Самет Скендери (ИнСок)
- Звонко Шаврески (Полио плус)
- Бехиџудин Шехапи (Ел хилал)
- Бобан Мицевски (Македонска православна црква)
- Јагуп Селимоски (Исламска верска заедница)
- Бјанка Суботиќ (Еврејска заедница)
- Владимир Мисев (Институт за демократија)
- Ризван Сулејмани (Институт за политички и интекултурни студии)
- Ганка Цветанова (Охрид – Институт за економски стратегии и меѓународни односи)
- Сашо Клековски (предлог на два члена на Управниот одбор)
- Горан Михајловски (Вест)
- Ратко Лазаревски (Нова Македонија)
- Славко Велевски (општина Могила)
- Душица Перишиќ (ЗЕЛС)
- Беким Имери (Светска банка)

## УПРАВЕН ОДБОР

- Ризван Сулејмани, претседавач, доктор по политички науки, директор на Институтот за политички и меѓукултурни студии во Скопје
- Кочо Анѓушев, заменик-претседавач, доктор по технички науки
- Билјана Герасимовска-Китановска, доктор по општа медицина, магистер по нефрологија, член на ЕСЕ – Скопје
- Бехиџудин Шехапи, претседател на Ел хилал, Скопје
- Горан Михајловски, главен и одговорен уредник на „Вест“
- Ѓоко Ѓорѓевски, Македонска православна црква
- Јагуп Селимоски, Исламска верска заедница во Р.Македонија
- Славко Велевски, градоначалник на општина Могила

# Независно ревизорско мислење

MOORE STEPHENS
SKOPJE

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО**
**СОВЕТОТ НА**
**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2012 година, како и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Македонски центар за меѓународна соработка заклучно со 31 декември 2012 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија.

Скопје, 30 април 2013 година

| **Овластен ревизор** | **Управител и Овластен ревизор** |
| --- | --- |
| Гоце Христов | Антонио Велјанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

# Персонал - Извршна канцеларија

## Одбор на директори

Прв извршен директор
Александар Кржаловски
akr@mcms.mk

Извршен директор
Димче Митрески
dmt@mcms.mk

## Група за граѓанско општество

Емина Нурединоска
enr@mcms.mk

Валентина Чичева
vch@mcms.mk

Даниела Стојанова
dst@mcms.mk

Марија Саздески
msz@mcms.mk

Симона Огненовска
sog@mcms.mk

Борјан Ѓузелов
bgz@mcms.mk

## Група за вработување

Тетјана Лазаревска
tlz@mrfp.mk

Лазар Неданоски
lnd@mrfp.mk

Глигор Михаиловски
gmh@mrfp.mk

Јасмина Поповска
jpp@mrfp.mk

Фисник Шабани
fsh@mrfp.mk

Димитар Смилјановски
dsm@mrfp.mk

## Група за информации

Гонце Јаковлеска
gjk@mcms.mk

Грамоз Шабани

Борис Ристовски
brs@mcms.mk

## Група за развој

Горан Јордноски

Сара Мустафа
sms@mcms.mk

## Односи меѓу заедниците и Балкан

Дервиша Хаџиќ-Рахиќ

## Административна група

Милка Божиновска-Миова
mmv@mcms.mk

Кренар Кука
kkk@mcms.mk

Адис Рахиќ
arh@mcms.mk

Данило Митов
dmv@mcms.mk

На крајот од 2012 г. МЦМС имаше 22 соработници, од кои 16 се со заснован полн работен однос на неопределено време.

СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА
ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ
ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ
ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО
ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# Финансиски извештај за 2012 година

| СРЕДСТВА | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Постојани средства | | |
| Основни средства | 13.767 | 13.817 |
| Нематеријални вложувања | 960 | 960 |
| Фонд за домување | 110.004 | 7.604 |
| **Вкупно постојани средства** | 24.731 | 22.381 |
| Обртни средства | | |
| Парични средства | 6.063 | 2.043 |
| Аванси | 2.013 | 2.145 |
| Побарувања од купувачите | 2.413 | 3.459 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 79.852 | 59.212 |
| Останати побарувања | 12.846 | 6.169 |
| **Вкупно обртни средства** | 103.187 | 73.027 |
| ВКУПНО СРЕДСТВА | 127.918 | 95.408 |

| ОБВРСКИ И ФОНДОВИ | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Краткорочни обврски | | |
| Обврски спрема добавувачите | 3.704 | 444 |
| Други краткорочни обврски | 25.725 | 5.160 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | 29.429 | 5.604 |
| **Пасивни временски разграничувања** | 928 | 1.003 |
| **Вкупно пасивни временски разграничувања** | 928 | 1.003 |
| Примени приходи за следни години | 6.500 | 3.727 |
| **Вкупно обврски** | 36.856 | 10.334 |
| Фондови и резерви | | |
| Фондови | 90.602 | 94.888 |
| Разлика приходи/расходи во тековен период | 459 | -5.083 |
| **Вкупно фондови и резерви** | 91.062 | 89.804 |
| ВКУПНО ОБВРСКИ И ФОНДОВИ | 127.918 | 95.408 |

| ПРИХОДИ | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Донации и грантови | | |
| Европска унија | 7.396 | 7.187 |
| Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ) | 11.622 | 5.378 |
| Сокотаб и партнери, Швајцарија | 5.739 | 5.290 |
| ОСИ Будимпешта | 1.459 | 3.756 |
| Други донатори | 3.200 | 852 |
| **Вкупно донации и грантови** | 29.966 | 25.571 |
| Сопствени приходи | | |
| Македонска развојна фондација за прет. (МРФП) | 10.415 | 10.727 |
| Орг. за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) | 2.914 | 1.608 |
| Други сопствени приходи | 214 | 4.517 |
| **Вкупно сопствени приходи** | 14.040 | 18.100 |
| Камати и позитивни курсни разлики | 3.791 | 3.736 |
| Вонредни приходи | 1.328 | 1.123 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 49.125 | 48.530 |

| РАСХОДИ | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Добротворни расходи | | |
| Проекти за модернизација на образованието (ПМО) | 4,608 | 4,608 |
| Раководење со МРФП | 234 | 186 |
| Форуми во заедниците (ПФЗ) | 7.240 | 273 |
| Оспособување на жени од конфликтни подрачја (ОЖП) | 236 | 0 |
| Пристап на Ромите до ЕУ фондови (ПРФ) | 1. 603 | 1.466 |
| Добро владеење и партиципација (ДВП) | 2.342 | 0 |
| Вкоренето и динамично ГО (ВДГ) | 3.996 | 0 |
| **Вкупно добротворни расходи** | 20.668 | 26.218 |
| Оперативни расходи | | |
| Плати и надоместоци за персоналот | 15.444 | 17.719 |
| Други оперативни расходи | 12.141 | 8.992 |
| Информации и публикации | 232 | 544 |
| **Вкупно оперативни расходи** | 27.816 | 27.255 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 48.484 | 53.473 |
| БИЛАНС пред оданочување | 641 | -4.943 |
| Данок | -181 | -141 |
| БИЛАНС | 459 | -5.083 |

# Годишен извештај за 2012 година

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**Адреса на издавачот**
Македонски центар за меѓународна соработка
ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а,
п. фах 55, 1060 Скопје
Република Македонија

**Контакт**
Телефон: 02/3065-381
Факс: 02/3065-298
e-mail: mcms@mcms.mk
www.mcms.mk

**Одбор на директори**
Александар Кржаловски
Димче Митрески

**Одговорен уредник**
Гонце Јаковлеска, МЦМС

**Лектор**
Даниел Медароски

**Фотографии**
Фотоархива на МЦМС

**Графички дизајн**
Борис Ристовски, МЦМС

МЦМС
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

www.mcms.mk